***Посебна привилегија*** *имаш ако го изберееш предметот* ***латински јазик*** *во II година затоа што ќе се стекнеш со основни знаења (граматика) и вештини (читање, пишување, превод и толкување) кои ќе ти помогнат брзо да напредуваш и лесно да ги совладуваш содржините во следните години од гимназиското образование!*

*Напоредно со изучувањето на јазикот ќе ја изучуваш и римската култура и цивилизација со многубројни активности кои би ја разбраниле твојата љубопитност и би ја пробудиле желбата за изучување на славното минато на Римјаните*

***De optiōne tua gratiam tibi ago!***

**ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ:**

- http://mythosmk.blogspot.mk
- www.youtube.com/c/MythosMK
- www.facebook.com/groups/latinediscimus
- https://wordwall.net/teacher/15807243/mythosmk




Изготвил **Ненад Начковски**
Наставник по латински јазик во
СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ Куманово

# Зошто ЛАТИНСКИ ЈАЗИК




**како *изборен* во II година гимназиско образование?**

## НАКУСО ЗА ЛАТИНСКИОТ ЈАЗИК

- стар индоевропски јазик од италско семејство на јазици
- предок на современите романски јазици



- настанал во областа Латиум каде што се наоѓа денешен Рим во Италија (VIII в. п.н.е.)
- писмото со кое се бележел јазикот била латиницата
- со проширување на Римското Царство се распространила и примената на латинскиот јазик и на неговото писмо
- јазик на интелектуалниот слој во средновековието и за време на Ренесансата
- денес активно се употребува во Ватикан и во литургиите на римокатоличката црква



## КОИ СЕ ПРИДОБИВКИТЕ ЗА ТЕБЕ КАКО УЧЕНИК?

- зајакнување на критичкото и апстрактното мислење
- продлабочување на вештините за комуникација



- збогатување на речникот со примена на јасни поими и изрази
- полесно совладување на странските јазици
- откривање на корени на зборови (етимологија) и нивно изворно значење
- читање и преведување на реченици од латински на македонски јазик
- поставување на основа за изучување на другите науки од областа на здравството, правото и др.





## ВО КОИ ПОДРАЧЈА СЕ ИЗУЧУВА?



**Латинскиот јазик во III година се изучува задолжително во следните подрачја:**

# ОХА, ПМБ и ЈУА

**Учениците од подрачјето ЈУА, латинскиот јазик го изучуваат задолжително и во IV година.**



